## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 13.04.2019

На 12.04.2019 година во 18,40 часот на граничен премин ,,Табановце", на влез во Република Северна Македонија, по извршена пасошка контрола констатирано е дека Д.П (56) од Република Србија, со српска лична карта и патничко моторно возило марка „Ауди Q5" со српска национална ознака, сопственост на неговата ќерка М.П., е предмет на потрага поради сомнение за сторено кривично дело ,,тешка кражба". Лицето е приведено.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија, до надлежното Основно јавно обвинителство Скопје, поднесе кривична пријава против Д.К.(56) од Скопје поради постоење на основи на сомнение дека сторил кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", казниво по член

396 од Кривичниот законик. На 11.04.2019, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес на дом и други простори на ул.„Дижонска 1", каде што престојува пријавениот. При претресот биле пронајдени и одземени пиштол „Застава М57" калибар 7,62мм, пиштол „Црвена Застава М57" калибар 7,62мм и девет куршуми калибар 7,62 мм. По преземени мерки било утврдено дека еден од пиштолите е предмет на кражба.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.А.(21) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.02.2019 во Куманово полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 12.04.2019 година во 18,30 часот на патот од с.Пепелиште кон армискиот полигон „Криволак", во близина на бензинска пумпа, Н.С(61) од с.Криволак, управувајќи мотоцикл „Shineray 125" со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Н.С се здобил со тешки телесни повреди, по што со возило на Итна медицинска помош е пренесен во Општата болница Кавадарци. Увид на лице место извршила увидна екипа на ПС-Неготино.

На 12.04.2019 год. во 20.05 часот З.К (74) од Скопје пријавил дека на бул. „Јане Сандански" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 13.04.2019 година во 00.50 час. Н.Б(45) од Скопје во Полициската станица од општа надлежност во Драчево пријавила дека на 12.06.2019 година околу 23.00 часот во паркот ,,Бранители" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник во пределот на левата надколеница.

На 12.04.2019 во 14,00 часот во ПС-Тетово било пријавено дека во воениот објект касарна „Еребино", околу 11,00 часот И.А (59) од Гостивар, вработен во АРМ, одговорен на одделот за уништување на муниција и експлозивни средства се здобил со тешки телесни повреди. Според пријавеното, додека И.А. заедно со Б.З. и В.Џ., вработени во АРМ, постапувале при деактивирање на инфлатори, И.А. се здобил со тешка телесна повреда-фрактура и бил пренесен во болницата во Тетово, а од таму во Ургентен центар- Скопје. Извршен е увид на местото на настанот.

На 11.04.2019 во СВР Куманово 38-годишна жена пријавила дека од училиштето каде учи нејзината малолетна ќерка била известена дека ученик во училиштето споделува компромитирачки фотографии од нејзината ќерка. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.04.2019 во ПС-Центар од страна на Национална установа-Театар Комедија пријавено е кражба на гасен пиштол, револвер и електрошок, што се употребувале во претстави. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.04.2019 во 12,34 ч. Б.С (18) од Куманово, пријавил дека околу 11,50 ч. во близина на плоштад Скендербег две лица со закана му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 13.04.2019 во 03 часот Л.Н (53) од Скопје пријавила дека на ул.„Филип Втори Македонски" непознат сторител со употреба на сила и одзел чанта во која имало пари и картички. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.04.2019 година околу 18 часот З.М. (63) од Скопје пријавил дека на паркингот до плоштад „Скендер бег" бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)